MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

# ОПШТИНА ШТИП

***Број 12-1365/2 08 март 2024 година***

Врз основа на чл.20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РС Македонија бр. 13/06, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16, 64/18 и 101/19)) Општина Штип донесе:

## РЕШЕНИЕ

за целосно прифаќање на

Барањето со број 12-1365/1 поднесено од [redacted], за пристап до информации од јавен карактер.

1. Врз принципите на заложба за дигитализација на јавните услуги на општинско ниво, Ве молиме да ни доставите информации кои услуги кои се испорачуваат кон граѓаните се дигитализирани и на каков начин може да се пристапи кон истите? Доставете и линкови доколку имате.
2. Согласно определбите за дигитализација, дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди вашата општина? Доколку општината издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите, ве молиме наведете го износот наменет за дигитализација на услугите наменети кон граѓаните на годишно ниво.
3. Дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени?

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Здружение на граѓани [redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер заведено под број 12-1383/1 со кое се бара да и се доставаат следниве информации:

1. Врз принципите на заложба за дигитализација на јавните услуги на општинско ниво, Ве молиме да ни доставите информации кои услуги кои се испорачуваат кон граѓаните се дигитализирани и на каков начин може да се пристапи кон истите? Доставете и линкови доколку имате.
2. Согласно определбите за дигитализација, дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди вашата општина? Доколку општината издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите, ве молиме наведете го износот наменет за дигитализација на услугите наменети кон граѓаните на годишно ниво.
3. Дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е

***Општина Штип ул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Македонија***
Одделение за информирање на граѓаните Тел: (032) 22 66 21 ***Факс: (032) 22 66 01***
***Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: suncica.gjufteska@stip.gov.mk***

услуги сакаат да им бидат понудени?

Општина Штип како имател на бараната информација Ви ги достави информациите од надлежните одделенија.

https://www.gradezna-dozvola.mk за постапки согласно Законот за градење

https://www.e-urbanizam.mk за постаспки согласно Законот за урбанистичко планирање

https://gradezno-zemjiste.mk за постапки согласно Законот за градежно земјиште

danoci.stip.gov.mk- за даноци

https://mzaednica.мк- за пријавување на проблеми на граѓаните

https://eservices.eastregion.mk/ - услуги во соработка со Источниот плански регион

2.Во Буџетот на Општина Штип е планирано купување на информатичка и видео опрема со сума од 1 000 000 денари, за 2024 година.

3. Не се спроведува анкетирање на граѓаните за е-услуги.

Поздрав,

Лице за доставување информации

согласно ЗСПИЈК

Сунчица Ѓуфтеска